Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод доделување на златна значка за долгогодишна служба во армијата
16.08.2022 – Касарна Илинден - Скопје

Почитувани офицери, подофицери и цивилни лица во Армијата,

Ќе започнам со едно големо и искрено благодарам. Благодарам за вашата посветеност на одбраната и на Армијата цели триесет години. Благодарам за сите ваши долги работни денови, за сите натчовечки напори, за сиот труд и напорна работа која овозможи да имаме Армија достојна за почит, Армија со највисока доверба кај нашите граѓани.

Кога велиме дека Армијата започнавме да ја градиме од самиот темел, мислиме на вас. Вие ја градевте, вие ја изградивте, вие бевте професионалците кои заедно со вашите колеги создадовте историја која ќе ја паметиме и иднина која ја посакуваме. Вашиот вложен труд и енергија вродија со големи резултати, вклучувајќи го и нашето историското членство во Алијансата. Сите вие, кои учествувавте во овие процеси со гордост може да кажете дека сте биле дел од овој успех. Вие знаете најдобро што значи да се биде дел на еден тим, на едно семејство кое си ја сака татковината и работи за неа – бескомпромисно и без задршка.

Низ вашата тридецениска кариера минавте низ бројни обуки, тренинзи, вежби, домашни и НАТО оценувања. И секогаш и секаде покажавте дека имате и вештини и знаења, дека можете и умеете да дадете и личен придонес кон нашата заедничка цел, безбедна држава и сигурни граѓани.

Вам ќе ви се обратиме секогаш кога ни е потребен совет, кога ни е потребно вашето искуство Но, мојата порака до вас е – продолжете да го споделувате сето ваше знаење со вашите помлади колеги зашто ним им останува обврската да продолжат да го градат овој наш заеднички дом.

Досега многупати како држава покажавме дека имаме сила да изненадиме – со најбрзата воена интеграција во Алијансата, со НАТО успешното оценување на Лесниот пешадиски баталјон, но и со грижата и посветеноста која ја имаме кон Армијата. Донесовме измени во Законот за служба во Армијата кои сериозно го подобруваат стандардот на секој од вас. Ја опремуваме армијата и ги подобруваме условите за работа на секој нејзин припадник.

Сето она што го направивме досега покажува дека силно го вреднуваме вашиот придонес кон одбраната и татковината и затоа денеска ми е и чест и задоволство што на секој од вас лично му ја доделив значката за 30-годишна служба во Армијата.

Ви благодарам за се што направивте досега!